DECENT WORK FOR WOMEN WORKERS

Проектот е кофинансиран од ЕУ



# Декларација за пристојна работа и главниот правец на родова рамноправност во социјалниот дијалог во Македонија

ЕУ со ТЕБЕ

Здружение на БИЗНИС ЖЕНИ

MIRO FOUNDATION

Септември 2024, Скопје

## Преамбула:

Признавајќи ја клучната важност на родовата рамноправност и овластувањето на жените во поттикнувањето на одржливиот економски раст и социјалната кохезија и признавајќи ја значајната улога на социјалниот дијалог во постигнувањето на пристојна работа за сите, со ова ја изјавуваме нашата посветеност на главниот правец на родова рамноправност во рамките на социјалниот дијалог во Македонија. Со оваа декларација се залагаме за родова рамноправност во социјалниот дијалог и таа има цел да го зголеми учеството на жените во трговските и работничките синдикати, да ги воспостави и да ги зајакне одделенијата за жени и да ги интегрира темите на родова рамноправност во релевантните дискусии.

## За проектот

Проектот „Достојна работа за жени работнички – Социјално учество и зајакнување“ има цел да придонесе кон промовирање, поддршка и зголемување на социјалното учество и правата на работничките во Македонија. За таа цел, проектот го користи потенцијалот на Националната платформа за женско претприемништво (НПЖП) во која членуваат многубројни граѓански организации што се добро позиционирани да придонесат кон намалувањето на родовата нерамноправност на пазарот на трудот, но не се доволно запознаени со концептот на пристојна работа и/или вклучени во постојниот социјален дијалог.

## Зошто е клучно да се поддржува пристојната работа за жените работнички?

Поддршката за пристојната работа за жените работнички е клучна поради недоволната информираност за нивните права, недостатокот на доверба во институциите, значајната улога на граѓанските организации и ниската свест за концептите на пристојна работа и родова рамноправност. Исто така, постои потреба за подобрување на информирањето за законската рамка и безбедните работни услови, зајакната примена на инклузивни политики од работодавачите и поголема свест за справување со дискриминација и мобинг.

## Кои се предизвици во пристојната работа за жените работнички?

– Недоволна информираност на жените работнички за нивните права и механизмите за заштита од дискриминација или други прекршувања на правото на пристојна работа;
– Недоволно информирање и залагање за фер работа за сите вработени, како и едукација за родова еднаквост и аспектите на пристојна работа од страна на жените на лидерски позиции;
– Недоволна запознаеност на жените работнички со институционалните механизми и/или поддршката од граѓанскиот сектор за заштита на нивните права;
– Недоволно вмрежување на жените работнички за поддршка и застапување во синдикатите или други облици на организирање;
– Недоволно (пре)познавање на облиците и справување со дискриминацијата или мобингот на работното место;

– Недоволно охрабрување за надминување на родовите стереотипи поврзани со работата;

– Недоволна вклученост на жените работнички во синдикалните активности, како и во другите форми на формално и неформално здружување и, следствено, недоволно дејствување за адресирање на заедничките предизвици на пазарот на трудот.

## Пристојната работа за жените ги опфаќа следните клучни елементи:

**Еднакви можности:**

- Еднаков пристап до образование и вработување, ослободени од дискриминација.
- Еднаква плата за еднаква работа и еднакви можности за напредување и обука.

**Безбедни и здрави работни услови:**

- Работни средини што промовираат физичка и ментална благосостојба и се безбедни од опасности.

**Социјална заштита:**

- Овозможен и јавно промовиран пристап до системи за социјална заштита, вклучувајќи заштита на мајчинството, здравствена заштита и социјална сигурност.
- Поддршка за одржување на пристоен стандард на живеење и баланс меѓу работата и семејните обврски.

**Сигурност на работното место:**

- Пристап до сигурно вработување со стабилност и заштита од произволно

отпуштање или несоодветен третман.
- Заштита од родова дискриминација при вработување, унапредување и престанок на работниот однос.

**Рамнотежа помеѓу работата и животот:**
- Политики и програми што овозможуваат баланс меѓу работните обврски и приватниот живот, поддржувајќи личен развој.

**Глас и претставување:**
- Право на слобода на здружување, колективно договарање и застапување во процесите на донесување одлуки на сите нивоа.
- Осигурување дека гласовите на работничките се слушаат и се земаат предвид при обликувањето на работните политики и практики.

# Декларација:

## 1 Промовирање на родовиот мејнстриминг во концептот на пристојна работа:

**Ние, потпишаните, ја потврдуваме нашата посветеност на овозможување рамноправност на жените работнички во остварувањето на нивното право на пристојна работа и се залагаме за подобро и просперитетно општество со јасна и балансирана рамноправност во сите сфери, вклучувајќи го пазарот на трудот.**

За таа цел поддржуваме:

- Соработка помеѓу потпишаните организации и лица преку креирање на неформално тело или работни групи за соработка, застапување и лобирање;
- Медиумска промоција на родовиот мејнстриминг на концептот за пристојна работа преку гостување во емисии на телевизии и радио, како и објавени текстови во пишани и дигитални медиуми;
- Кампањи за подигнување на свеста;
- Организирање на јавни настани и дискусии, како и можности за учество во менторски програми.

## 2 Интегрирање теми за родова рамноправност во социјалниот дијалог:

**Се обврзуваме на интензивна заложба за интегрирање на темите за родова рамноправност во рамките на социјалниот дијалог во Македонија. За поголема рамноправност на пазарот на трудот, неопходно е интегрирање на родовата компонента во работењето на сите релевантни тела и организации од социјалниот дијалог. Потребна е засилена дискусија на низа приоритетни теми, како правото на еднаква плата, обезбедување баланс помеѓу работата и приватниот живот, подобрување на условите на породилно и татковско отсуство и спречување дискриминација и малтретирање на работното место.**

Затоа, се залагаме за:

- Организирање семинари/обуки/тркалезни маси за зајакнување на дискусијата за поголема родова рамноправност на пазарот на трудот;
- Залагање за интегриран родов пристап преку состаноци и средби со Економско-социјалниот совет и другите релевантни тела и организации од социјалниот дијалог;
- Промовирање на родовата рамноправност во социјалниот дијалог преку интернет-кампања и директни средби за вмрежување;
- Креирање на кратки документи и друг вид публикации за јавни политики.

## 3 Зголемување на учеството на жените во социјалниот дијалог:

**Се обврзуваме активно да го промовираме и да го поддржуваме зголеменото учество на жените во социјалниот дијалог преку поголема застапеност на жените во синдикатите и другите можни здружувања што ги застапуваат правата на жените работнички.**

Во таа насока, повикуваме на:

- Креирање и спроведување политики и практики што го поттикнуваат и го олеснуваат учеството на жените во здружувања, организации и синдикати, а кои воедно поттикнуваат зголемено учество на жените на лидерски и одлучувачки позиции во овие организации;
- Организирање трибини и друг вид настани со кои ќе се промовираат можностите за вклучување во синдикати и други релевантни облици на здружување;
- Организирање отворени или инфо-денови за споделување политики и практики;
- Креирање на кратки документи или друг вид публикации за јавни политики;
- Отворање хабови за поддршка и вмрежување на жените работнички, преку соработка со граѓанскиот сектор и институциите.

## 4 Воспоставување и зајакнување на одделенијата за жени:

**Се обврзуваме да воспоставуваме и да ја јакнеме работата на одделенијата за жени во трговските и работничките синдикати, како и во другите организации за застапување. Овие одделенија ќе се сосредоточат на решавање на родовите специфични прашања, вклучувајќи ги прашањата за обезбедување на правото на пристојна работа, на обезбедување поддршка и ресурси за жените членки, како и застапување за подобар родов мејнстриминг на релевантните политики и практики.**

За таа цел, се залагаме за:

- Креирање нови и јакнење на веќе постојните одделенија/секции на жени и промовирање на нивно поголемо учество во социјалниот дијалог;
- Зголемување на видливоста на одделенијата/секциите на жени преку различни промотивни активности;
- Поголема (онлајн) достапност на ресурсите за поддршка на жените членки;
- Инфо-пултови и отворени линии за поддршка и правна помош на жените работнички.

## 5 Воспоставување соработка и партнерство:

**Се обврзуваме да соработуваме со јавните власти, организациите на граѓанското општество и меѓународните партнери за да го промовираме главниот правец на родова рамноправност во социјалниот дијалог и пристојната работа. Ќе се залагаме за вклучување на овие теми во сите активни дијалози преку заедничка иницијатива и поддршка на програми за унапредување на родовата рамноправност на работното место. Ќе се залагаме за споделување најдобри практики и пристапи за родов мејнстриминг на концептот на пристојната работа.**

За таа цел, ќе се залагаме за:

- Вклучување на потписниците во работата на Економско-социјалниот совет и во други иницијативи релевантни за пристојната работа за жените работнички;
- Информирање и вклучување на властите на различни нивоа во застапувањето и поддршката на жените работнички и нивното право на пристојна работа;
- Организирање на редовни координативни и информативни со јавните власти, организациите на граѓанското општество и меѓународните партнери;
- Спроведување на заеднички активности заради синергетски ефект и здружено дејствување;
- Споделување на добри практики од страна на јавните власти, организациите на граѓанското општество и меѓународните партнери.

## 6 Следење и евалуација на напредокот:

**Се обврзуваме на зголемена заложба за следење на остварениот напредок во однос на родовата рамноправност во концептот на пристојната работа и во рамките на социјалниот дијалог, како и за мерење и евалуација на постигнатите ефекти. Потребни се воспоставување механизми за следење и мерење на напредокот, идентификација на предизвиците и потребни приспособувања за да се обезбеди континуирано подобрување.**

Ќе се залагаме за:

- Воспоставување и интегрирање на родово-базирани индикатори во политиките и програмите за пазарот на труд и пристојната работа;
- Редовно следење и информирање преку извештаи и анализи за следење и евалуација;
- Воспоставување механизми за континуирано следење на потребите и предизвиците на жените на пазарот на труд.

## 7 Застапување и подигнување свесност:

**Се обврзуваме засилено да го промовираме правото на пристојна работа на жените работнички и да ја подигаме свеста за важноста за поголема родова рамноправност во социјалниот дијалог. Потребни се информативни и промотивни кампањи, настани и поголема ангажираност со медиумите, неопходна е поголема видливост на предизвиците, но и понудените решенија и постигнатите успешни приказни за да се инспирира поширока општествена промена.**

Затоа, нашите заложби се за:

- Креирање кампањи за подигнување на свеста;
- Спроведување (интернет) кампањи за споделување на најдобри практики;
- Промовирање на успешни приказни со примери за позитивни промени во работната средина;
- Организирање на тематски настани (конференции, семинари, јавни дебати на теми поврзани со родова рамноправност и социјален дијалог);

*Оваа декларација е жив документ, подложен на постојан преглед и ревизија за да ги одразува новите предизвици и можности во потрагата по родова рамноправност и пристојна работа за сите во Македонија.*

**Издавач:**

Фондација за менаџмент и индустриско истражување – Скопје

**Поддржано од:**

Проект „Достојна работа за жени работнички – Социјално учество и зајакнување”, Северна Македонија: Тематска програма за човекови права и демократија 2021-2022 година

**Лектура:**

Дејан Василевски

**Дизајн и печатење:**

„Винсент графика”, Скопје

**Тираж:**

100 примероци

---

Скопје, октомври 2024

*Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија. За нејзината содржина единствено е одговорен издавачот Фондација за менаџмент и индустриско истражување и истата не ги изразува гледиштата на Европската унија.*